**ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ НА РАБОТИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА ПРОЕКТОТ ПРОМОЦИЈА НА ЧАРШИСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ЧАИР**

# ОПШТИНА ЧАИР

**Скопје, Мај 2018**

**1.0 Вовед и Информации**

Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четиригодишна инвестициска операција, поддржана од Европска Унија и ги користи средствата од ИПА 2 и наменета за конкуренција и иновација во Македонија. ПЛРК е менаџиран како Хибрид Труст Фунд и составен од четири компоненти, и спроведуван од Светска Банка и Влада на Македонија. Проектот ќе обезбеди финансиски инвестиции и градење на капацитети со цел поддршка на секторски раст, инвестирање во дестинации и развој на специфична дестинација. На регионално и локално ниво, Проектот ќе подржува избрани туристички дестинации во земјата преку една комбинација на техничка подршка со цел подобрување на менаџирањето на дестинацијата, инвестирање во инфраструктурата и инвестиции во иновации. Инвестициите ќе се реализираат преку шема на грант за засегнати страни на регионален туризам како што се општините, институциите, НВО и приватниот сектор.

Планот за управување со културно наследство е дел од Планот за управување со животна средина и социјални аспекти (ПУЖСА) кој е изготвен за предвидените активности во рамките на проектот "Промоција на чаршиски туризам во Општина Чаир". ПУЖСА претставуа опис на проектот, технички детали, подрачјето и локацијата, врз основа на кои ги оценува ризиците за животна и социјална средина како и ризиците поврзани со неподвижно културно наследство. Имплементацијата на мерките за ублажување и мониторинг кои ги идентификуваат утврдените ризици и прашања во ПУЖСА е задолжително.

Општина Чаир изготви проект за промоција на чаршиски туризам и кој предвидува две градежни активности: санација на калдрма во главната улица на Стара Чаршија (вкупна површина на калдрмата е 2240м²) и замена на постоечките прозори и врати на 75 дуќани во Стара Чаршија. Проектот предвидува употреба на природен камен за калдрмата и ист како постоечкиот. Каменот треба да биде со дебелина од 10 до 20см, во зависност од местополжбата на рекострукцијата. Каменот треба да биде I категорија и без пукнатини.

Активностите за санацијат на дуќаните предвидуваат:

1. Замена на старите прозори и врати од метални и ПВЦ профили со нови дрвени профили
2. Поставување на натписи на дуќаните
3. Поставување на жардиниеари околу дуќаните
4. Поставување на дрвени кепенци



Слика 1 Сегашна состојба (оштетена) на калдрмата и калдрма во добра состојба

Поради бесправни ископи за различни видови на интервенции од корисниците на единечни објекти во чаршијата, партерот на уличните мрежи и другите отворени површини е во исклучително деградирана состојба и поради овие причини Општина Чаир предвидува санација на истата. Исто така, проектот предвидува санација на постоечките витрини преку замена на прозори и врати и поставување на натписи на 75 дуќани во Стара Чаршија кои се застарени или со метални и ПВЦ профили и со тоа го нарушиле автетичниот лик на Стара Чаршија.




Слика 2 Сегашна состојба на дуќаните во Стара Чаршија

За санација на постоечките прозори и врати, според конзерваторсктие услови издадени од Национална Установа Конзерваторски Центар се предвидува употреба на масивно дрво без живи чворови кои влјаат во деформирање на дрвото. При изработка на столаријата процентот на влагата во дрвото не смее да биде над 11%.




Слика 3 Скица на планирана состојба

Целта на Планот за управување со културно наследство е заштита, отстранување и намалување на негативните ефекти врз културно наследство во согласност со Законот за заштита на културно наследство на Република Македонија.

**1.1 Придобивките на проектот за промоција на чаршиск туризам во Општина Чаир**

Проектот предвидува санација на калдрмата на еден дел од главната улица Бит Пазарска како и санација на постоечките фасади преку замена на прозори и врати и поставување на натпсиси на 75 дуќание кои го нарушуваат автетичниот лик на Стара Чаршија која се закон е прогласена како културно наследство од особено значење "Службен Весник на Република Македонија" бр. 130/08.

Предвидените активности за санација на калдрмата и постоечките витрини преку замена на прозори, врати на дуќаните во Стара Чаршија потенцијално може да влијаат врз физичките културни ресурси. Поради овие причини, планот предвидува заштита, отстранување или намалување на ефектите од активностите врз физичките културни

ресурси во согласнот со Законот за заштита на културно наследство, Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење и со ОП 4.11 од Светска Банка.

**1.2 Институции одговорни за спроведување, управување и адмнистрирање со Планот за управување со културно наследство**

Министерството за Култура на Република Македониа и Управа за заштита на културно наследство како институција во рамките на Министерството за Култура се одговорни за заштиа на неподвижното и движното културно наследство во Македонија. Управата за заштита на културно наследство и Национална Установа Конзерваторски Центар – Скопје соработуваат во врска со конзервација и развој на културно наследство, како на пр. Надлежност да постапат законски и да изведуват и да вршат функции во врска со конзервација и пристап до културното наследство.

Во согласност со Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење, Влада на Република Македонија го формираше Националниот совет за ревитализација на Стара Чаршија. Со цел задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и други потреби на граѓаните, Националниот Совет во 2010 година изготвуваше Програма за ревитализација на Стара Чаршија, која е со времетраење од 5 години.

Општина Чаир и Општина Центар се одговорни да донесат и усвојуваат урбанистички планови за Стара Чаршија за заштита, регулирање и ревитализација на Стара Чаршија. Урбанистичките планови се изготвуваат врз конзерваторските основи издадени од одговорните институции за заштита на културното наследство.

Општина Чаир ќе биде одговорна за целосно спроведување на проектот Промоција на чаршиски туризам во соработка со Национална Институција Конзерваторски Центар Скопје и Управата за заштита на културно наследство во Македонија. Предложените активности во проектот Промоција на чаршиски туризам нема да предизвикуваат промени во културното наследство во заштитеното подрачје на Стара Чаршија, поаѓајќи од фактот дека се во согласнот со Членот 7 од Законот за заштита на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење, каде директната заштита на Стара Чаршија е според деталните параметри за заштита на културното наследство во согласност со посебно подготвени конзерваторските услови.

Член 7, параграф 5 од Законот за заштита на Стара Чаршија предвидува употреба на дрво место метал и алумин како и етапна замена на металните и алуминските профили на уличните фасади. Исто така, Законот обезбедува поволни услови за интегрален опстанок и презервација на историските и културните вредности на Стара Чаршија.

Законот за заштита на културно наследство предвидува изготвување на заштитни конзерваторски основи како дел на техничка документација. Конзерваторските услови соддржат текстуална, графички и документарна презентација на заштитените подрачја и обезбедуваат релевантни информации за планирање и регулирање на заштитеното културно подрачје.

Во согласност со Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство, за секоја активност во Стара Чаршија, вклучувајќи и замена на прозори, врати и санација на калдрма, Управа за заштита на културно наследство треба да издава одобрение врз основа на претходно издадени конзерваторски услови од страна на Национална Институција

Конзерваторски Центар-Скопје која изготвуваше конзерваторски услови посебно за секој дуќан и ги испрати до Управа за заштита на културно наследство.

**1.3 Правни и Институционални рамки**

За развој на проектот може да се активираат неколку секторски политике за физичките културни ресурси. Подолу се дискутирани главните релевантни закони:

**Законот за заштита на културно наследство**

- Законот за заштита на културно наследство “Службен Весник на Република Македонија“ бр. 20/04 од 02.04.2004
- Закон за заштита на културно наследство консолидиран текст (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164 / 13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16)
- Закон за ратификација на конвенција за заштита на не интелектуално културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 59 од 12.05.2006)
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 18 од 25.09.2011
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 18 од 14.02.2011
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.148/2011
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.23/2013
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.164 од 27.11.2013
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.38 од 24.02.2014
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.44/2014
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.199/14,
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.154/15
- Изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство (“Службен Весник на Република Македонија“ бр.39/16

**Член 2**

Согласно Законот за заштита на културно наследство на Република Македонија, културното наследство претставува вкупното материјално и иматеријално добра со археолошки, етнолошки, историски, уметнички, урбанистички, социјални и други научни вредности, соддржини и функции и имат културна и историска важност и поради важноста се заштитени со законт. Културното наследство е категоризирано како подвижно и неподвижно.

Законот за заштита на културно наследство воспоставува протокол за сите засегнати страни вклучени во активностите за конзервација и управување со културното наследство..
Исто така, Законот за заштита на културно наследство предвидува изготвување на План за управување со културно наследство кој треба да соддржи предложени мерки и активности за заштита на културното наследство како и потенцијални фактори и ризици кои претставуваат ризик за културното наследство.

**Член 4**
Параграф 1 – Основна цел на законот е заштита на културното наследство во изворна состојба. Параграф 2 од Член 4 вели дека пронајдените предмети во текот на градежните работи треба да се предаваат до релевантните институции.

**Член 6**
Член 6 од Законот за културно наследства наведува дека "ако во текот на градежните работи се откриваат археолошки пронајдоци, контракторот/инвеститорот должен е во рок од 3 дена да достави извештај до одговорната институција во согласност со Член 129 од Законот за заштита на културно наследство. Исто така, конструкторот е должен да ги запре сите градежни работи.

**Закон за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење**
Со прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење (Закон за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење "Службен Весник на Република Македонија" бр. 130/02) се обезбедува следното:
- перманентна презервација на историските, уметничките, архитектонските, етнолошките, социолошките и другите научни и културни вредности како и автетичноста, диверзитетот, интегритетот и другите карактеристики, соддржини и функции.
- создавање на поволни услови за опстанон на интегритетот на сите податоци кои ги соддржи во себе како доказ ,
- дисеминација на знаењето за нејзината вредност, значење и улога во културната идентфикација ,
- задоволување на културните, научните, образовни, естетски, економски и туристички потреби на граѓаните, ,
- спречување на мерки, феномени и влијаниа кои можаат да наштетат или деградираат .

Монументалната целина на Стара Чаршија која се појавува во периодот од XV do XX век во урбана структура која датира од XI век, како културно наследство од осеобено значење е од воопшт интерес за Република Македонија и согласно Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од особено значење ужива специјална заштита. Со цел обезбедување координирано реализирање и заеднички иницијативи и проекти за ревитализација на Стара Чаршија, Влада на Република Македонија формираше Национален Совет за ревитализација на Стара Чаршија кој изготви и усвои Програма за Ревитализација на Стара Чаршија.

Член 7, параграф 5 од Законот за заштита на Стара Чаршија задолжува употреба на дрва место метални и ПВЦ профили на уличните фасади. Исто така, Законот обезбедува создавање на поволни услови за интегрален опстанок и презервација на историските и културните податоци за Стара Чаршија.

### 1.3.2 ОП 4.11од Светска Банка за Физички културни

Целта на ова процедура е да ги поддржи земјите за избегнување или ублажување на негативните ефекти врз физичките културни вредности во текот на развојот на проектите финансирани од Светска Банка. Исто така, наведува дека ефектите врз физичките културни ресурси кои произлегуваат од проектните активности вклучувајќи ги и мерките за ублажување може да не ги земаат предвид или националната легислативи или обврските од релевентните меѓународни догорори. Параграф 9 обезбедува водич за изготвување на планови за управување на физички културни ресурси.

## 2.0 Цел на планот

Овој план е дел од Планот за управување со животна средина и социјални аспекти (ПУЖССА). Неговата улога е да истакнува како физичко и културно наследство ќе се управува со цел да обезбеди конзрваторски услови во текот на развојот на проектот, посебно во текот на дизајнирањето, конструкциска и оперативна фаза.

## 3.0 Културно наследство во местото под влијание

Стара Скопска Чаршија е најголема Чаршија во Балканот надвор од Истанбул. Лоцирана на источниот брег на реката Вардар, таа била градски центар за трговија уште од 12 век, а нејзиниот врб го достигнала за време на османлиското владеење во Балканот. Како доказ за тоа се многубројните објекти кои биле лоцирани во старата чаршија како што се џамиите, неколкуте анови, и други турски објекти. Иако исламската архитектура доминира во чаршијата, сепак постојат и неколку цркви. Археолошките докази пронајдени на тврдината Кале сугерираат дека Старата скопска чаршија била населена уште во 4.000 година п.н.е., додека првите историските записи укажуваат на тоа дека за прв пат чаршијата била населена во 6 век п.н.е. од страна на Пајонците. Во 6 век п.н.е византискиот император Јустинијан I ја изградил тврдината Кале на еден рид, од кој подоцна почнува да се простира скопската чаршија. Областа станува главен трговски центар во 12-от век. Во 1392год., Македонија била освоена од страна на отоманските Турци кои го именувале Скопје како Üsküp. За време на османлиското владеење, чаршијата го достигнува својот врв и се здобива со големо значење при што станува еден од најважните економски центри. Градот набрзо станува место во кое доминирало муслиманското население кое придонело за обликувањето на неговиот изглед во тој период преку градење на многубројни објекти како што се многубројните џамии, анови, амами и други исламски градби кои се јавувале во градот.

За имплементирање на проектот, потребната документација е изготвена и доставена до одговорните институции за добивање на одобрение за предвидените активности, како што е напоменато во делот 1.1, и која вклучува: технички дизајн, ревизија на проектна документација, согласност од сопственици на дуќаните, конзерваторски услови.

**3.1. Идентификувано физичко културно наследство**

Стара Чаршија е категоризирано како културно наследство од особено значење. Законот за заштита на Стара Чаршија спречува активности и ефекти кои можат да наштетат и да го деградират културниот монумент и обезбедува презервација на нејзините историски, уметнички и културни вредности. Општина Чаир ќе ги преземе сите потребни мерки за од обезбеди заштита на културно наследство. Сите штети да се избегнуваат во теконт на спроведување на под-проектот. Случајното оштетување на објектите кои се индивидуално заштитени како културно наследство (спомнати подолу) не е можно.

Во рамките на Стара Чаршија постојат повеќе сакрални и профани објекти кои се заштитени како индивидуално неподвишно културно наследство согласно Законот за заштита на културно наследство. Сепак, ниеден од постоечките објекти не е во близина на предвидените градежни работи:

**Безистен-** покриен пазар, изграден во 15 век од Гази Исхак Беј, Султанов регент за Скоопје. Во 1689 е уништен од пожарор и подоцна пак изграден. Истиот изглед го има од 1899 година.

**Саат Кула** – изграден во 16 век врз темелите на стара градба, лоцирана на северната страна на Султан Муратова Џамија. Во почетокот изградена од дрва, врвот е заменет со цигли во 1902 година. Хексагоналната кула е оштетена од земјотресов во 1963 година. Целосно реконструирана после земјотресот.

**Чифте Амам** – Чифте Амам (турски за двојна бања), лоцирана во центар на Стара Чаршија е изградена во 15 век од страна на Иса Беј. Објектот е делен на два дела (оттука името чифт): еден дел за мажи и другиот дел за жени. Својата функција ја заддржи до 1915 година. Посе оштетувањето од земјотресот во 1963 година, објектот е реконструиран и претворен во Национална уметничка галерија.

**Даут Пашин Амам** – Даут Паша, Голем Везир на Источна Румелија го изградил овој амам во 15 век. Од 1948 година, објектот е претворен во Национална уметничка галерија.

**Капан Ан** – Еден од трите останати карван сараји во Стара Чаршија, Капан Ан е изграден во 15 век. Собите на горниот кат служеле за сместување на гостите додека првиот кат за сместување на коњи и стоки на гостите.

**Куршумли Ан** – Поголемиот од трите останати карван сараји, Куршумли Ан е изграден од страна на Мусеин Хоџа, син на еден научник во дворот на Султанот, во 16 век.Џамијата припоена до објектот и изградена во 17 век, и поголемиот дел на амамот изграден во 15 век се уништени од земјотресот во 1963 година. Денеска служи како Музеј на Македонија.

**Црква Свети Спас** – Изградена во 19 век врз темелите на стара црква, половина од црквата и изградена под земја. Во дворот на црквата е погребен во бел саркофаг револуционерот Гоце Делчев.

**3.2 Можност за археолошки пронаоѓање во текот на спроведување на проектот**

Член 6 од Законот за културно наследство наведува дека "ако во текот на градежните работи се откриваат археолошки пронајдоци, контракторот/инвеститорот должен е во рок од 3 дена да достави извештај до одговорната институција во согласност со Член 129 од Законот за заштита на културно наследство. Исто така, конструкторот е должен да ги запре сите градежни работи.

**4.0 Мерки за избегнување, ублажување и намалување на ефекти врз културното наследство**

Поради ризик од можни негативни ефекти врз автетичниот изглед на објектите во Стара Чаршија, како што се отстапување од Законот за заштита на културно наследство и Законот за заштита на Стара Чаршија преку употреба на градежен материјал несоодветен со изгледот на објектите во Стара Чаршија, **за избегнување, ублажување и намалување на ефекти врз културното наследство се предлагат следните мерки:**

- Изведување согласно проектната документација одобрена од одговорните институции како што се: Национална Установа Конзерваторски Центар – Скопје, Министерство за Култура (Управа за заштита на културно наследство), Општина Чаир
- Употреба на соодветно дрво за столарија на место метал и алумин и отстранување на постоечките метални и пластични профили во уличните фасади согласно конзерваторските услови одобрени од Управа за заштита на културно наследство.
- Создавање на  поволни услови за оддржување на интегритетот на објектите согласно конзерваторските услови издадени од Нацинална Установа Конзерваторски Центар.
- Усогласување на изгледот, бојата и другите параметри за објектите што се конзервираат со постоечката автетична документација
- Усогласување на натписите со легислативата за Стара Чаршија
- **Спроведување на Плановите за Животна Средина, Социјални аспекти и Културно наследство**

**5.0 Градење на капацитети/подигање на свеста и ангажирање**

Сите нестручни лица, пр. ангажираниот персонал во проектот, вработени кај изведувачот и вклучени во спроведување на проектот треба да се информираат за физичките културни ресурси. Обуката има за цел да им овозможи на нестручните лица идентификување на опасностите врз физичките културни ресурси, спречување на оштетување на културното наследство, регистрирање и известување за секое културно наследство.

**6.0 Специфични улоги и обврски**

Подолу се опишани улогите и обврските на секој член на тимот во спроведување на проектот

**6.1 Надзорен експерт за културно наследство номиниран од Конзерваторски Центар и Управа за заштита на културно наследство**

Општина Чаир ќе ангажира Надзорен експерт за културно наследство номиниран од Конзерваторски Центар. Тој ќе има соодветна стручна квалификација и искуство (лиценциран за работа за физичко културно наследство) и ќе биде пристутен секој ден во

градежно место. Надзорниот експерт за културно наследство ќе го придружува изведувачот и добитникот на проектот (Општина Чаир) во текот на мониторирањето е оперативната фаза. Исто така, Надзорнит експерт за културно наследство ќе ги одредува мерките во случај на пронаоѓање и во договорено време. Овие мерки можат до вклучат следно:

- Консултирање со Национална Установа Конзерваторски Центар и Министерство за Култура (Управа за заштита на културно наследство) ;
- Отстранувањето на физичко културни ресурси (ФКР) треба да биде од важност;
- Изведување на понатамошно ископување во рамки на одредена дистанца од местото на пронаоѓање;
- Продолжување или намалување на подрачјето забележано од изведувачот.
- Оцена на оштетеното културна локација.
- Надзорниот експерт за културно наследство треба да обезбеди дека однесувањето на изведувачот и другио персонал да биде штетно за културните ресурси.

**6.2 Изведувач**

Спроведувањето на овој План за управување со културното наследство е обврска на изведувачот. Во текот на изведувањето на градежни работи, во случај на ФКР, изведувачот е должен да ги запре градежните активности и да ги извести одговорните институции. Исто така, изведувачот е должен да постапи согласно Законот за заштита на културно наследство.

**6.3 Корисник**

Во врска со Надзорниот експерт за културно наследство, спроведувањето на одредените мерки ќе се мониторира од страна на корисникот – Општина Чаир/инспекторот за градежни работи и одделението за локален развој, кои нивни вработени се дел од тимот на проектот. Спроведувањето на мерките ќе биде следено пред почетокот на градежните работи, во текот на градежните работи и по завршување на градежните работи.

**8.0 Мониторирање и Известување**

Планот за управување со културното наследство во текот на спроведување на проектот обезбедува информации за клучните аспекти на проектот за заштита на културно наследство, посебно ефектот на проектот и ефикасните мерки за ублажување. Овие информации му овозвможуваат на примателот и Светска Банка евалуација на успехот на ублажувањето како дел на следењето и овозможува преземање на исправно делување. Поради ова, Планот за управување со културното наследство ги идентификува целите за следење и го одредува видот на следење со поврзување со оценетите ефекти во Извештајот за Планот за управување со културното наследство и мерките опишани во него. Посебно, делот на следење на Планот за управување со културно наследство обезбедува а) посебен опис и технички детали на мерките за следење, вклучувајќи ги параметрите за мерење, методите кои треба да употребат, зачестеноста на мерењето, границите за откривање (каде е соодветно), и дефиницја на границата која ќе сигнализира потреба за поправки; и в) процедури за следење и рапортирање за (и) обезбедување на рано откривање на услови за кои треба посебни дополнителни мерки за ублажуваање и (ии) обезбедување на информации за ефикасноста, прогресот и резултати на мерките за ублажување.

Надзорниот за културно наследство ќе достави краток почетен извештај две недели после почеток на градежните работи. Ќе известува за ангажирањето на екипата, состојбата на локацијата и за било што може да има ефект или да го промени спроведувањето на мерките за ублажување и следење.

На крајот на секој месец, Општина Чаир ќе доставува до ЕСП краток извештај за прогрес на работите, концентрирајќи посебно во секој проблем или спроведување на мерки на ПУКН кои бараат мерки заедно со трошок. Доставување на извештај за ПУЖССА и ПУКН ќе биде тримесечно до ЕСП. Во случај на несогласување, Општина Чаир веднаш ќе ја извести ЕСП.

Одобрениот извештај од страна на изведувачот или Надзорниот експерт за културно наследство ќе биде услов за комплетно плаќање на договорените хонорари. За да се обезбеди посебно влијание врз изведувањето на изведувачот, во договорот за работување ќе се вметне соодветна клаузула која прецисно ќе ги наведува казните во случај на непочитување на договорените одредби за заштита на животна средина, во форма не неплаќање на одреден дел на плаќањето, и вредноста ќе зависи од тежината на прекршокот на договорот. За ектремни случаи, договорот ќе предвидува и договор за раскинување.

**9. Објава**

Изготвениот План за управување на културно наследство (ПУКН) ќе биде дел на документацијата за наддавање и на договорот со изведувачот (заедно со предмер пресметката) кој ќе биде должен за спроведување на предвидените мерки согласно Планот за ублажување. Спроведувањето на ПУКН е задолжително за изведувачот.

Надзорниот орган ангажиран од Општина Чаир/ПЛРК ЕСП, има за обврска следење и евалуација на спроведувањето на предложените мерки во рамките на Планот за следење и ги информира Изведувачот и Канцеларијата на Проектот ПЛРК/Општина Чаир. Општина Чаир ќе известува за состојбата на животната средина и културното наследство и за спроведувањето на мерките за ублажување и следење во редовните извештаји за под-проектот и во посебниот извештај за спроведување на ПУКН (ако не различно договорено се Експертот за културно наследство/животна средина, одобрено од Специјалистот на СБ за животна средина. Во согласност со КУЖС, овој ПУКН треба јавно да се консултира пред финално одобрение на под-грантот. Откако ПУКН е одобрен од експертот на ЕСП и Специјалистот од Светска Банка, ќе биде објавен во веб страната на ЕСП (КВЗПЕП), Агенција за промовирање и поддршка на туризмот и во веб страната на Општина Чаир каде ќе биде достапен за јавна дебата најмалку 14 дена. Печатена форма ќе биде достапна во ЕСП и Општина Чаир. Состанокот за јавна дебата ќе се одржи во Општина Чаир при крај на периодот за консултации. Активно, Апликантот ќе информира и ќе ги повикува засегнатите страни вклучувајќи ги локалните НВО, засегнатите заедници и со соодветни средства. Достевните важни коментари како и коментарите од јавна дебата ќе се вклучаат во финалната верзија на ПУКН и ќе бидат вклучени во Извештајот од јавната дебата и кој ќе биде дел од финалната верзија на ПУКН. Види подолу записникот од јавната дебата за Планот за Менаџирање на културно наследство.

ПУКН треба да биде јавно консултиран на англиски, македонски и албански јазик. Спроведувањето на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти и ПУКН ќе обезбедат навремено преземање на предложени мерки и ќе придонесе за

спроведување на проектни активности без суштински ефекти врз животната средина или културното наследство.

**10. Извештај од јавната дебата**

На 19.06.2018 година (од 11 до 13 часот), во просториите на Општина Чаир се оддржа презентација и јавна дебата во врска со Планот за менаџирање на животна средина и социјални аспекти и Планот за менаџирање на културно наследство во рамките на проектот “Промоција на чаршиски туризам во општина Чаир“. Учесниците беа запознаени за целите на проектот, главните активности, релевантноста на проектот, времетрањето како и можните последици на проектот врз животната средина и културното наследство на туристичката дестинација (во прилог е дадена листата на присутни, како и примероци од испратени покани за присуство до релевантни граѓански организации кои се активни во оваа дестинација). Дебата заврши без забелешки во врска со Планот за животна средина и социјални аспекти и Планот за менаџирање на културно наследство. Сите присутни ја поздравија иницијативата за презентација на проектната документација за изведба на планираните активности и изразија подршка за реализација на проектот.

## ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – Општина Чаир

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Активност* | *Очекувани ефектиExpected Impact* | *Предложени мерки за ублажувањеProposed Measure for Mitigation* | Одговорност за спроведување на мерката за ублажување | Период за спроведување на мерката за ублажување | Трошок поврзан со спроведување на мерката за ублажување |
| Фаза пред конструкција/фаза на дизајнирање | | | | | |
| Изготвување на техничка документација | Отстранување на ефекти и ризици врз културното наследство (КН) | • Проектната докуменација подготвена во согласност со релевантна регулатива за Културно наследство, Законот за заштита на културно наследство на Стара Чаршија<br>• Доставување на проектна документација и стенување со мислење и одобрение од релевантни институции како што се Национална Установа Конзерваторски Центар Скопје, Министерство за Култура пред отпочнување на градежни работи | Општина Чаир Национална Установа Конзерваторски Центар СкопјеМинистерство за Култура | Пред почеток на јавна набавка | |
| Изготвување на конзерваторски услови | Отстранување на ефекти и ризици врз културното наследство (КН) | • Доставување на проектна документација Национална Установа Конзерваторски Центар и другите одговорни институции според легислативата (пр. Министерство за Култура) | Општина Чаир | Пред почеток на јавна набавка | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Стекнување со одобрение | Отстранување на ефекти и ризици врз културното наследство | • Конзерваторски услови вклучени во јавна набавка и се | Општина Чаир ПЛРК | Пред почеток на јавна набавка | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (КН) | дел на ПУКН | | | |
| Стекнување со дозвола | Отстранување на ефекти и ризици врз културното наследство (КН) | • Конзерваторски услови вклучени во јавна набавка и се дел на ПУКН | Општина Чаир ПЛРК | Пред почеток на јавна набавка | Вклучени во буџетот на под проектот |
| Фаза на градежни активности | | | | | |
| *Општи услови* | Бозможни негативни ефекти врз автетичниот изглед на објектите во Стара Чаршија поради:<br><br>Отстапување од Законот за градба во Стара Чаршија и Законот за Стара Чаршија<br><br>Отстапување од мерките за заштита на културно наследство<br><br>Употреба на несоодветен материјал со изгледот на објектите во Стара Чаршија | • Создавање на поволни за оддржливост на интегритетот на објектите<br>• Употреба на соодветно дрво за столарија наместо метал или алумин и замена на метални и пластични профили од уличните фасади согласно регулативата и одобрението.<br>• Почитување на националната и локалната регулатива за културно наследство | Изведувач Надзорен орган | Во текот на имплементирање на активности | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Можност за пронаоѓање | Избегнување на ефекти и ризици врз КН | • Во случај на археолошко пронаоѓање, работите треба веднаш да запрат и одговорните институции (Министерство за Култура, Управа за заштита на културно наследство, Национална Установа Конзерваторски Центар-Скопје) да се известуваат во рок од Conservation С часа почитувајќи ги националните процедури (Закон за заштита на културно наследство). Работите ќе започнат повторно | Изведувач Надзорен орган | Во текот на целиот период на градежни работи | Вклучено во буџетот на под проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | после одобрение од одговорна институција. | | | |
| Општи услови | | • Усогласување на изгледот, бојата и другите параметри за објектите што се конзервираат со постоечката автетична документација | | | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Обука | | • Сите нестручни лица, пр. персоналот ангажиран во проект, вработени кај изведувачот ќе добијат соодветна обука за фички културни ресурси | | | |
| 1.Замена на прозори и врати согласно одобрен проект | | • Усогласување на натписите со легислативата за Стара Чаршија | Изведувач<br>Надзорен орган<br>Општинска администрација<br>Министерство за Култура | Во текот на спроведување на проектот | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 2. Поставување на натпис на објектите | | • Усогласување на натписите со легислативата за Стара Чаршија | Изведувач<br>Надзорен орган<br>Општинска администрација<br>Министерство за Култура | | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 3. Поставување на жардиниери околу објектите | | • Усогласување на жардиниери со легислативата за Стара Чаршија | Изведувач<br>Надзорен орган<br>Општинска администрација<br>Министерство за Култура | | Вклучено во буџетот на под проектот |
| Реконструкција на постоечка калдрма | | • Каменот треба да биде ист, иста боја и квалитет како постоечкиот ;<br>• Во друг случај, треба да биде од исто подрачје како постоечкиот | Контрактор | | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 4. Реконструкција на постоечка калдрма | | • Усогласување на новата калдрма со | Изведувач<br>Надзорен орган | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | постоечкиот согласно проектната документација | Општинска администрација Министерство за Култура | | |

## СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – Општина Чаир

| Фаза на изградба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој**<br><br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br><br>*Треба да се следи тој параметар?* | **Како**<br><br>*Треба да се следи тој параметар (што треба да се мери и како)?* | **Кога**<br><br>*Треба да се следи тој параметар (време и зачестеност)?* | **Од кого**<br><br>*Треба тој параметар да се следи–(одговорност)?* | **Колкав**<br><br>*е трошокот поврзан со спроведувањето на следењето* |
| 1. Спроведување на правили и закони за градење во заштитени подрачја | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот и во текот на проектни активности | *Надзорен Општина Чаир ЕСП ПЛРК* | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 2. Мерки за заштита на културни подрачја | Градежно место | Визуелна проверка | Секој работен ден во текот на проектните активности | *Надзорен Општина Чаир ЕСП ПЛРК* | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 3 Демонтажа и монтажа на нови прозори и врати – спроведување на мерки дефинирани во планот за управување, одобрени и услови | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | После поставување на прозори и врати | *Надзорен Општина Чаир ЕСП ПЛРК* | Вклучено во буџетот на под проектот |
| 4.Санација и поставување на нова калдрма – спроведување на мерки дефинирани во планот, одобрени и услови | Градежно место | Визуелна проверка на документацијата | Во почетокот на работите за санација и во текот на активностите | *Надзорен Општина Чаир ЕСП ПЛРК* | Вклучено во буџетот на под проектот |
| *Оперативна Фаза* | | | | | |
| *Следење – Општина Чаир во соработка со Конзерваторски Центар ќе ги следи активностите и ќе потврди дали се во согласност со проектната документација и Законот за културно наследство. После реализирање на проектните активности, Конзерваторски Центар ќе достави завршен извештај за културно наследство.* | | | | | |